ООУ Ѓорѓија Пулевски

ООУ „ЃОРЃИЈА ПУЛЕВСКИ"

Бул. ,,Јане Сандански,, бр. 27А Скопје

Република Северна Македонија
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
ЃОРЃИЈА ПУЛЕВСКИ
Бр. 09-189/1
07-04. 2026 год.
Општина Аеродром-Скопје

# С О О П Ш Т Е Н И Е

Врз основа на член 60 од ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ (Службен весник на Р.С.М бр.161/2019,229/2020,3/2025,74/2025 и 250/2025)

***Општинското основно училиште "ЃОРЃИЈА ПУЛЕВСКИ"***
Аеродром, Скопје,
врши запишуваљ на децата во прво одделение за учебната 2026/2027 година.

1. Во прво одделение на основното училиште родителот, односно старателот е должен да го запише детето кое до крајот на календарската година ќе наполни 6 (шест) години. Во учебната 2026/2027 година во прво одделение ќе се запишат деца кои се родени во 2020 година.
2. По исклучок од точка (1), детето може да се запише во прво одделение, доколку е родено до 31 јануари 2021, по претходно барање од родителот, односно старателот и добиено мислење од педагогот или психологот во училиштето.
3. Реонот кој ги опфаќа децата кои припаѓаат во ООУ ,,Ѓорѓија Пулевски,, според одлука од Основачот се адреси на бул. ,,Јане Сандански,, од 13 до 113 (непарни броеви), бул.,,АСНОМ,, од 22 до 116 (парни броеви) и ул. ,,Васко Карангелески,, бр 23,25.27 .

Ве известуваме дека тестирањето на деца, задолжително ќе се одвива од 04.05.2026 до 29.05.2026 година во ООУ,,Ѓорѓија Пулевски,,- Аеродром. Уписите ќе се вршат секој работен ден во термини од 09:00 до 13:00 часот (со предходно закажан термн).

Постапката на запишување ја спроведува Комисија за упис на деца во прво одделение со Одлука на директорот.

При запишувањето на детето, задолжително е присуство на двајцата родители/старатели.

На денот на уписот задолжително треба да се доставаат следните документи:

- Извод од матична книга на родени за детето (фотокопија);
- Лекарска потврда за примени задолжителни вакцини за детето (издадена од надлежна здравствена установа) – член 60 став 2 од Законот за основно образование (оргинал). Во прилог на ова задолжително да се достави вакцинален картон на детето (фотокопија);

- Потврда за офталмолошки преглед издадена од надлежна институција – член 60 став 2 од Законот за основно образование (оргинал)
- Потврда за стоматолошки преглед издадена од Поликлиника,, Јане Сандански,, - Скопје – член 60 став 2 од Законот за основно образование (оргинал)
- Лична карта на родителот/старателот (на увид)
- При запишување на детето со попреченост во прво одделение родителот,односно старателот е должен да достави и мислење/функционален профил од комисијата за проценка на деца и младинци за дополнителна образовна, социјална и здравствена поддршка според МКФ. – член 60 став 3 од Законот за основно образование (копија).

Наставата за учениците се организира како:

- Класична настава
- Настава со продолжен престој.

Училиштето располага со кујна во која на ученикот кој посетува настава со продолжен престој му следи топол оброк (трошок кој го покрива родителот)

- појадок;
- ужина;
- ручек

Скопје, 07.04.2026

Директор
Ирина Николоска
ИНиколоска